**20241472564**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јули 2024 година.

Бр. 08-3492/1
11 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 41/14, 120/15 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/23).

Член 2

Надлежностите на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, утврдени со членот 4 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 41/14, 120/15 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/23), се пренесуваат на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и тоа:

1. Подготовка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови, која опфаќа:

1.1. развивање и одржување база на податоци за енергијата во Република Северна Македонија;

1.2. следење и анализирање на состојбите во енергетиката, како и состојбите за одржлив енергетски развој;

1.3. следење и прибавување на информации за развојот на потребите во енергетиката и можностите за нивно задоволување од извори во Република Северна Македонија и од надворешни извори;

1.4. ангажирање во врска со изготвувањето на студии, развојни планови и стратегии во енергетиката на среден и долг рок;

1.5. ангажирање за вградување на аспектите за заштита на животната средина и природата при изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови во енергетиката и

1.6. развивање и одржување промотивни активности;

2. Подготовка на долгорочни и краткорочни програми, кое опфаќа:

2.1. подготвување на долгорочните програми за период подолг од десет години, кои се доставуваат за донесување од Владата на Република Северна Македонија. Долгорочните програми претставуваат генерална концепција за развојот на енергетиката, енергетската ефикасност и примената на обновливите извори на енергија со потенцијални долгорочни цели и планирани средства за нивно постигнување;

2.2. подготвување на краткорочните програми за период од една до три години, врз основа на долгорочните програми и

2.3. успешна имплементација на проектите и мерките од долгорочните и краткорочните програми, во соработка со локалната власт, стопански субјекти, потрошувачки здруженија и други непрофитни организации.

3. Енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ), кое опфаќа:

3.1. давање иницијативи, предлага и координира изработка на студии и проекти за ЕЕ и користење на ОЕИ;

3.2. имплементација на акциониот план за реализација на Стратегијата за ЕЕ на Република Северна Македонија;

3.3. предлагање и спроведување на мерките за намалување на загубите на енергија во енергетските системи и зголемување на ефикасноста во експлоатацијата;

3.4. поттикнување на користењето на ОЕИ (сончева енергија, енергија на ветерот, геотермална енергија, енергија добиена од биомаса итн.);

3.5. издавање зелени сертификати на производителите на електрична енергија од ОЕИ и води регистар на издадени сертификати;

3.6. промовирање на методи за штедење на енергијата со користење на енергетски поефикасни техники и технологии, супституција на енергентите и за подигнување на свеста на корисниците за рационално користење на енергијата;

3.7. промовирање на методи за ефикасно и економично искористување на енергијата и енергетските системи и

3.8. предлагање и ангажирање за вградување на мерки за заштита на животната средина во енергетските проекти;

4. Подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти, кое опфаќа:

4.1. анализа на состојбите, можните решенија на одделни проблеми во енергетиката и оцена на приоритетите од инвестициони проекти;

4.2. подготвка и предлагање на можни проекти за потенцијални инвеститори;

4.3. вршење оцена на проектите од аспект на економската одржливост;

4.4. подготовката за реализација на инвестициони проекти од технички и финансиски аспект и

4.5. советување на потенцијалните инвеститори за условите за реализација на инвестициони проекти;

5. Регионална соработка и координација на регионални проекти, кое опфаќа:
5.1. ангажирање за регионалната соработка на полето на енергетиката;
5.2. ангажирање во врска со имплементацијата на регионалните проекти и
5.3. учество во процесот на утврдување на приоритетните инфраструктурни објекти во регионот;
6. Подготовка на предлози на законски, подзаконски акти и технички прописи од областа на енергетиката, кое опфаќа:
6.1. подготовка на предлози на законски и подзаконски акти, технички и други прописи, предлага усвојување на соодветни стандарди и
6.2. соработка со надлежните министерства, стопански субјекти, невладини здруженија и други непрофитни асоцијации при подготовка на актите од алинејата 1 на оваа точка и
7. Извршување на други активности од областа на енергетиката, утврдени со закон.

Член 3

Опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија се пренесуваат на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со состојбата на денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Вработените во Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија се преземаат во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во согласност со актите за организација и систематизација.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува мандатот на директорот и на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

Член 6

Договорите за вработување на определено време, авторските договори и договорите на дело склучени до денот на влегувањето во сила на овој закон, со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.